Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш
Примено: 05.07.2019
Орг. един. 0201 | Број 393/1 | Предлог | Вредност

Врз основа на член 121 од Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр.68/04,71/04,107/07,102/08,143/08 и 29/11 , член 24 ал.7 од Законот за комунални дејности Сл.весник на РМ бр.95/12,и Методологијата за пресметување на цената за собирање,транспортирање и отстранување на отпад (Сл.весник на РМ бр.30/2013), член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М бр. 5/2002), а согласно член 15 став 1 точка 4 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на својата седница одржана на 28.06.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за висина на цени на услугите за собирање , транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на општина Радовиш**

**член 1**

Се донесува Одлука за висина на цени на услугите за собирање , транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на општина Радовиш.

1. **Надоместокот за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од физички лица:**

**член 2**

Надоместокот за извршената услуга собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од домаќинствата на територијата на град Радовиш се утврдува во зависност од површината на станбениот објеt во кој живее домаќинството и дворното место  тоа:

- за сопственици на индивидуални станови  станови во колективно живеење надоместокот се утврдува 1,50 денари /м2 месечно и за дворно место 0,50 денари/м2 месечно.
- Надоместокот за извршената услуга собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од домаќинствата во руралните средини на територијата на општина Радовиш се утврдува во висина од 1,50 денари /м2 месечно и за дворно место 0,50 денари/м2 месечно.

Цената за извршување на услугата собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од домаќинства во руралните средини на територијата на општина Радовиш се однесуваат за еднаш неделно подигање на смет.

Дателот на услуги ќе отпочне со собирање на отпад од руралните средини во моментот кога за тоа ќе се создадат реални технички услови и за истото граѓаните ќе бидат известени.

ЈПКД „Плаваја„ Радовиш, како давател на услугата и корисникот на услугата се должни за услугата од овој член да склучат договор за регулирање на меѓусебните односи

Сметките се изготвуваат и доставуваат секој месец.

2. **Надоместокот за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица;**

**член 3**

Надоместокот за извршена услуга - подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица на територијата на општина Радовиш се утврдува во зависност од површината на деловниот објект во кој правното лице ја обавува дејноста и карактерот на дејноста која ја обавува правното лице и дворното место и тоа:

- За правни лица кои се сметаат како мали правни субјекјти согласно методологијата за пресметување на цената за собирање, транспортирање И отстранување отпад надоместокот се утврдува на 10,00 денари/м2 месечно за правните субјекти кои имаат до 200 м2;

За овие правни субјекти подигањето на смет ќе се одвива по распоред на давателот на услуги.

- За правни лица кои се сметаат како големи правни субјекјти согласно методологијата за пресметување на цената за собирање, транспортирање и отстранување отпад надоместокот се утврдува на 1.400,00ден / м$^3$, независно од исполнетоста на садот, а за правните субјекти кои се наоѓаат надвор од градот Радовиш на оваа цена ќе се пресметува + 1□ / км во денарска противвредност.

Овие субјекти имаат обврска да си обезбедат соодветен сад за собирање на отпадот кој претходно ќе биде одобрен од давателот на услугата и ќе соодветсвува на техничката можност на давателот на услугата.
При подигањето на сметот кај овие правни субјекти се предвидува обврска да овластат лице кое ќе биде потписник на записникот за извршеното подигање на сметот.

- За правни лица како училишта, градоники, здравствени објекти и здравствени ординаци од примарна заштита, пензионерки домови, верски објекти и сл. надоместокот се утврдува на 1.50 ден/м$^2$ станбена површина и 0,50 ден/м$^2$.

ЈПКД „Плаваја„ Радовиш, како давател на услугата и корисникот на услугата се должни за услугата од овој член да склучат договор за регулирање на меѓусебните односи.

**член 4**

3. **Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по повик:**

**член 5**

За извршена услуга подигање, транспортирање □ депонирање на комунален отпад по повик вон работното време надоместокот се зголемува за 20% од утврдената цена.

4. **Надоместок за услугите што ги врши ЈПКД „Плаваја„ Радовиш по одржување на манифестации**

**член 6**

Надоместокот за извршена услуга - вонредно чистење на јавните површини после одржувањето на разни манифестации, презентации, митинзи и други собири во □□□□□□□ се утврдува во зависност бројот на учесниците на одржаните манифестации, презентации, митинзи и други јавни собири и тоа:

- до 1 000 учесници надоместокот ќе изнесува 16.350,00 денари;
- над 1 000 учесници надоместокот ќе изнесува 38.500,00 денари.
-

5. **Надоместок за услугите што ги врши ЈПКД „Плаваја„ Радовиш за вонредно чистење на улиците**

**член 7**

Надоместокот за извршена услуга одржување на јавна хигиена во околината на простор каде што се извршуваат градежни работи: изградба на станвени и деловни објекти, изградба на објекти од обласа на инфраструктурата (прекопи за полагање на електрични, телефонски, водоводни и канализациони инсталации) ќе се определува на следниот начин:

-за објекти до 100 м2 надоместокот ќе изнесува 4.500,00 денари, а за објекти над 100 м2 надоместокот ќе инесува 55,00 денари /м2;

-за објекти од обласа на инфраструктурата (прекопи за полагање на електрични, телефонски, водоводни и канализациониинсталации) надоместокот ќе изнесува 33,00 денари на метар должен.

6. **Завршни и преодни одредби**

**член 8**

Во цените на услугите со ова одлука не е пресметан данокот за додадена вредност.

**член 9**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Радовиш,,.

Бр. 08-1038/1
дата 28 Јуни 2019 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Коле Чаракчиев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
"СОВЕТ НА ОПШТИНАТА"
ОПШТИНА РАДОВИШ

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП „ПЛАВАЈА“ Радовиш
Примено: 05.07.2019
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 0201 | 393/2 | | |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

# РЕШЕНИЕ
## За прогласување и објавување на Одлуката за висина на цени на услугитеза собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за висина на цени на услугитеза собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на општина Радовиш, бр. 08-1038/1,

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 28.06.2019 год.

бр. 09-1038/2
дата 01 Јули 2019 година
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Герасим Конзулов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК“ ОПШТИНА РАДОВИШ